# совет за етика во медиумите на македонија

Датум

22.04.2015г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Мери Јордановска за текстот со наслов – " 'Професионалните' новинари на баци рака кај Заев по хонорар", објавен на ден 04.04.2015 година на Интернет - порталот на Алфа телевизија.**

**Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 15 и 16.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста."*

Член 16.

*"Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk    info@semm.mk    0038923222595

совет за етика во медиумите на македонија

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 06.04.2015 година, лицето Мери Јордановска поднесе жалба за текстот со наслов – " 'Професионалните' новинари на баци рака кај Заев по хонорар", објавен на ден 04.04.2015 година на Интернет - порталот на Алфа телевизија. Јордановска во жалбата наведува дека во текстот станува збор за неточно и нефер известување. Таа, исто така, наведува дека во текстот се изнесени бројни невистини што го нарушуваат нејзиниот дигнитет како новинар, со тоа што се алудира дека таа работи и добива пари од политичка партија, повикувајќи се на пишувања од одреден портал. Притоа, наведува Јордановска во жалбата, од неа не е побарана изјава, а случајот сосема погрешно се доведува во контекст во кој таа е претставена како платеник на опозицијата. Од тие причини, Јордановска бара да добие јавно извинување од тТлевизијата. Кон жалбата Јордановска приложи и активен линк од оспореното видео.

Извршната канцеларијата на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, оствари контакт со Алфа телевизија, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Алфа телевизија не достави одговор на наводите на жалителот.

На седницата на 17.04.2015 година, Мери Јордановска беше изземена од расправата во согласност со член 10 од Деловникот на Комисијата поради судир на интереси, бидејќи е ангажирана во Комисијата за жалби, се' со цел да се обедбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата. Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Мери Јордановска и направи увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

Притоа, Комисијата за жалби констатираше дека во содржината станува збор за нарушување на два члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 1, 15 и 16.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Комисијата за жалби најде дека во текстот со наслов – "Опозициските новинари меѓусебно го докажаа постоењето на 'фабрика два' ", новинарот го прекршил член 1 од Кодексот на новинари, односно новинарот објавил неточни и непроверени информации. Доколку информацијата не може да се провери, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и објави. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два неповрзани извора. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го искажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата за жалби утврди дека во споменатиот текст новинарот, спротивно на член 15 од Кодексот, не ја негувал културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и се обраќа. Овој принцип, секако, не би требало да го детерминира или ограничи на каков било начин правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување, се' додека тој не е навредлив и непримерен за публиката.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатиот прилог, спротивно на член 16, новинарот не ги чувал угледот и достоинството на својата професија, не ги поттикнувал заемната солидарност и различноста на ставовите и го употребил својот медиум за пресметка со колега. Имено, во својата работа новинарите треба да настојуваат да одржат рамнотежа меѓу чесна конкурентност и професионална солидарност. Ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување на само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива и репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

совет за етика во
медиумите на македонија

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири Филип Ѓурчиновски и Теофил Блажевски.

**Се обврзува Интернет – порталот на Алфа телевизија, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595